МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202-6/6
02.04 2018 год.
СКОПЈЕ

Одлука бр.5

Управниот одбор на Македонската тениска федерација на својата седница одржана на ден 02.04.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за определување на критериуми за избор јуниорски репрезенативвци на Македонија во 2018 година**

**Член 1**

При изборот на репрезенативци за јуниорските селекции на Македонија за настап на:
- Европските Индивидуални Шампионати за јуниори и јуниорки до 14,
- Европските Индивидуални Шампионати за јуниори и јуниорки до 16
- Европските Индивидуални Шампионати за јуниори и јуниорки до 18 години,
- Источно Европскиот Шампионат за јуниори и јуниорки до 14 години и
- Балкански Јуниорски Игри за јуниори и јуниорки до 14 години

одлучуваат следните критериуми:
1. Државниот првак има обезбедено место во јуниорските репрезентација која ќе настапува на Европските Индивидуални Шампионати до 14, 16 и 18 години
2. За вторите играчи за Европските Шампионати за јуниорите и јуниорките во категориите 14 и 16 години критериуми се:
- пласманот на **Tennis Europe** ранг листата до 150-то место
- пласманот на Македонската ранг листа
3. За вторите играчи за Европскиот Шампионат за јуниори и јуниорки до 18 години критериуми се:
- пласманот на **International Tennis Federation** ранг листата до 300-то место
- пласманот на Македонската ранг листа

**Член 2**

При изборот на репрезенативци за јуниорските селекции на Македонија за настап на:
- Источно Европскиот Шампионат за јуниори и јуниорки до 14 години и
- Балкански Јуниорски Игри за јуниори и јуниорки до 14 години

одлучуваат следните критериуми:
4. за јуниорите и јуниорките во категорија до 14 години
- пласманот на **Tennis Europe** ранг листата до 150-то место
- пласманот на Македонската ранг листа

**Член 3**

Сите репрезентаивци кои се избрани за настап на горенаведените Шампионати се должни да учествуваат на истите како и на подготовки во организација на МТФ.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2018 година.

**Македонска Тениска Федерација**
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ

Скопје, 02.04.2018 година